Република Македонија
Министерство за финансии
УПРАВА ЗА ЈАВНИ ПРИХОДИ

# ДАНОЧЕН БИЛАНС
## на вкупен приход

**ДБ-ВП**

** Пополнува Управа за јавни приходи*

Датум и број на прием

Единствен даночен број

Скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт

Телефон

е-пошта

Даночен период

од . .

до . .

Рок за поднесување . .

Исправка на "ДБ-ВП"

## ПОДАТОЦИ ЗА ДЕЈНОСТА

Друштво за вработување на инвалидизирани лица

Број од НАЦЕ .

Назив на дејност

Правна форма

- ДООЕЛ
- Јавно трговско друштво
- ДОО
- Командитно друштво
- Акционерско друштво
- Командитно друштво со акции
- Друго

Година за која трговското друштво се определило да плаќа годишен данок на вкупен приход

** пополнува трговско друштво кое има вкупен приход по сите основи од 3.000.001 до 6.000.000 денари.*

## УТВРДУВАЊЕ НА ГОДИШЕН ДАНОК НА ВКУПЕН ПРИХОД

*"без дени"*

| | | |
|---|---|---|
| 1. Вкупен приход утврден во Билансот на успех | 01 | |
| 1.1. Приходи од работењето | 02 | |
| 1.2. Финансиски приходи | 03 | |
| 1.3. Удел во добивката на придружените друштва | 04 | |
| 2. Пропишана стапка (стапка од член 38-д на ЗДД) | 05 | |
| 3. Годишен данок на вкупен приход (реден број 1 x 2/100) | 06 | |
| 4. Износ на платени аконтации на данокот на добивка | 07 | |

## ПОДАТОЦИ ЗА ПОДНОСИТЕЛОТ НА БИЛАНСОТ

Име и презиме

Потпис и печат

М.П.

Својство

Датум на поднесување . .

# УПАТСТВО ЗА ПОПОЛНУВАЊЕ

**ДБ-ВП**

Трговските друштва класифицирани како мали и микро трговци и правните лица резиденти на Република Македонија кои водат сметководство и изготвуваат годишни сметки согласно Законот за трговските друштва и кои според природата и обемот на дејноста се сметаат за трговци, согласно со условите утврдени во членот 38-г од Законот на данок на добивка (ЗДД), можат да се определат да плаќаат годишен данок на вкупен приход.

Трговските друштва можат да се определат да пресметуваат и плаќаат годишен данок на вкупен приход под услов:

1. да извршуваат стопанска дејност (освен банкарска, финансиска, осигурителна и дејност од областа на игрите на среќа и забавните игри); и

2. вкупниот приход остварен во годината за која се утврдува данокот од било кој извор да изнесува од 3.000.001 до 6.000.000 денари на годишно ниво.

Трговските друштва еднаш одбраниот модел на оданочување не може да го менуваат во наредните три години, вклучувајќи ја и годината за која се плаќа данок на вкупен приход.

Трговските друштва кои данокот го плаќаат согласно со одредбите на членот 38-г од ЗДД, Управата за јавни приходи ги евидентира во регистар на трговски друштва за годишен данок на вкупен приход, врз основа на податоците за искажаниот вкупен приход во Билансот на успех кон годишната сметка за годината за која се утврдува данокот.

Образецот "ДБ-ВП" се доставува најдоцна до 28/29 февруари во годината што следи по годината за која се врши оданочувањето, до даночната канцеларија на УЈП или во електронска форма преку http://etax.ujp.gov.mk/

Даночниот обврзник е должен плаќањето на данокот да го изврши најдоцна во рок од 30 дена по рокот за доставување на образецот.

Трговските друштва се бришат од регистарот на обврзници за годишен данок на вкупен приход во согласност со одредбите на член 38-ж од ЗДД.

**Напомена**: Трговските друштва класифицирани како мали и микро трговци и правните лица резиденти на Република Македонија кои водат сметководство и изготвуваат годишни сметки согласно Законот за трговските друштва кои ги исполнуваат условите од член 38-в од ЗДД се ослободени од обврската за плаќање на годишен данок на вкупен приход и истите имаат обврска да достават само пополнет образец "ДБ-ВП".

При пополнување на даночниот биланс, податоците внесете ги читливо и целосно, со печатни букви. Податоците внесете ги во точно означените полиња.
Не впишувајте ништо во полињата кои ги пополнува Управата за јавни приходи.
Износите се искажуваат во денари, без дени.

Во образецот задолжително се внесуваат податоците за: Единствен даночен број, скратен назив и адреса на вистинско седиште за контакт и даночен период за кој се поднесува даночниот биланс.

## Податоци за дејноста

- Друштво за вработување на инвалидизирани лица - доколку сте обврзник со посебен даночен статус (заштитно друштво), внесете "X" во соодветното поле.
- Единствен даночен број (ЕДБ) - се внесува Единствениот даночен број.
- Година за која трговското друштво се определило да плаќа годишен данок на вкупен приход - задолжително впишете ја годината за која трговското друштво се определило да плаќа годишен данок на вкупен приход и кое ги задоволува условите од член 38-г од ЗДД, односно има годишен вкупен приход по сите основи од 3.000.001 до 6.000.000 денари.
- Број од НАЦЕ - се внесуваат вкупните шифри (сектор, оддел, група, класа и подкласа) од НАЦЕ.
- Назив на дејноста - внесете го целиот назив на дејноста од НАЦЕ.
- Правна форма - во зависност од правната форма на трговското друштво, внесете "X" во соодветното поле. Доколку внесете "X" во полето "Друго", задолжително наведете ја правната форма на трговското друштво, пример: ПЗУ- Приватна здравствена установа.

## Утврдување на годишен данок на вкупен приход

1. Вкупен приход утврден во Билансот на успех - внесете го збирот од редните броеви 1.1 + 1.2 + 1.3.
   1.1. Приходи од работењето - внесете го податокот од АОП 201 од Билансот на успех.
   1.2. Финансиски приходи - внесете го податокот од АОП 223 од Билансот на успех.
   1.3. Удел во добивката на придружените друштва - внесете го податокот од АОП 244 од Билансот на успех.
2. Пропишана стапка (стапка од член 38-д на ЗДД) - се искажува процент од член 38-д од ЗДД.
3. Годишен данок на вкупен приход (реден број 1 x 2/100) - се добива кога износот искажан на реден број 1 ќе се помножи со износот на реден број 2 и ќе се подели со 100.
4. Износ на платени аконтации на данокот на добивка - се искажува износот на повеќе платениот данок на добивка кој се смета за аконтација (член 41, став 21 од ЗДД).

## Податоци за подносителот на билансот

Задолжително наведете го името, презимето и својството на потписникот, како и датумот на поднесување на даночниот биланс.
Не заборавајте своерачно да го потпишете овој биланс и да ставите печат.



** Образецот е објавен во „Службен весник на Р.М.", бр. 173/11 и важи од 16.12.2011 година*